**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03 - 200
25. 04. **2019 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2047/1 од 08.04.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 19-та седница одржана на 24.04.2019 година согласно Заклучокот бр.02-2367/5 од 24.04.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а казнива по член 147 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што на 20-ти март 2019 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рамки на емисијата/програмскиот блок „Отворено студио 1" и тоа: „Отворено студио 1" (прв дел од разговорот) емитувано во периодот од 19:25:08 до 19:33:42 часот и во „Отворено студио 1" (втор дел од разговорот) емитувано во периодот од 19:37:43 до 19:55:33 часот, емитуван е разговор (интервју) со претседателот на Либерално – демократската партија од Србија, Чедомир Јовановиќ, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификувана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2047/1 од 08.04.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18и27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република "бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/1е, 1з2/17, 1е8/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агеицијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 8 април 2019 година, изврши вонреден, по службена должност, програмски надзор (мониториг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 20-ти март 2019 година, при што констатираше прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, согласно член 64 етав 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедницата која не е мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје во рамките на својот твлевизискиот програмски сервис, на 20-ти март 2019 година, иа телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рамки на емисијата/програмскиот блок „Отворено студио 1" и тоа: „Отворено студио 1" (прв дел од разговорот) емитувано во периодот од 19:25:08 до 19:33:42 часот и во „Отворено студио 1" (втор дел од разговорот) емитувано во периодот од 19:37:43 до 19:55:33 часот, емитуван е разговор (интврвју) со претседателот на Либерално – демократската партија од Србија, Чедомир Јовановиќ, при што говорот на гостинот е емитуван изворно иа српски јазик, без превод на македонски јазик. Повредата од точка 1 од ова Решение, спецификувана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.1о-2о47/1 од о8.о4.2о19 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 етав 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје на 09.04.2о19 година, испрати Допис наш арх.бр.о3-20о од 09.04.2019 година, со кој му го достави Писмениот изввштај за извршен програмски надзор бр.10-2047/1 од 08.04.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во предвидениот рок, Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 етав 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 64 етав 1 од истиот Закои, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агеицијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.о1-6о39/1 од 2о.1о.2о15 година поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 19-та седница одржана на 24.о4.2о19 година, согласно Заклучокот бр.о2-2367/5 од 24.04.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ

ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.1о-2о47/1 од 08.о4.2019 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.